20261462086

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗООТЕХНИКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за зоотехника,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јуни 2026 година.

Бр.08-4318/1
26 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗООТЕХНИКА

Член 1

Во Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 87/23), во член 2 во ставот (3) зборовите: „членовите 8 став (4)“ се заменуваат со зборовите: „членовите 8 став (5)“.

Член 2

Во член 5 во ставот (1) зборовите: „различни од причините“ се заменуваат со зборовите: „освен од оние причини“.

Член 3

Во член 32 ставот (1) се менува и гласи:

„По исклучок од членот 29 став (2) точка 1) и точка 3) и став (6) од овој закон, зачетните производи при внесување во Република Северна Македонија можат да бидат пропратени со зоотехнички сертификат издаден во име на признатата организација на одгледувачи, признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи и органот за приплод, врз основа на информациите добиени од оваа призната организација на одгледувачи, призната организација на одгледувачи на хибридни свињи или овој орган за приплод, од страна на Центар за собирање или за складирање на семена течност или од екипа за собирање или производство на ембриони, кои се одобрени во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство во Република Северна Македонија или во земјите членки на Европската Унија или во трети земји.".

Член 4

Во член 33 во ставот (1) зборовите: „Центри за собирање или складирање на семена течност, Центри за чување на ембриони, екипи за собирање или производство на ембриони,“ се бришат.

Во ставот (2) во воведната реченица зборовите: „Центрите за собирање или складирање на семена течност, Центрите за чување на ембриони, екипите за собирање или производство на ембриони“ се бришат.

Во ставот (5) зборовите: „од ставот (1) на овој член“ се заменуваат со зборовите: „согласно со овој закон“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.